Република Северна Македонија
Општина Штип
Број 09-7574/2
02.12.2024 година
Ш т и п

Врз основа точка 1 од Решението за формирање на комисија за доделување на средства за финансирање на манифестации од областа на културата, угостителството и трговијата број 09-7574/1 од 02.12.2024 година, а во врска со Програмата за одбележување на новогодишните и божиќните празници 2024/2025 година ("Службен гласник на Општина Штип" број 15/24), се распишува:

## Јавен повик
## за доделување на средства за финансирање на манифестации од областа на културата, угостителството и трговијата

### I

Јавниот повик се објавува за реализирање на следната манифестација:

1. **Новогодишен Базар „ Штип Крисмас Маркет"**

### II

Право на учество на јавниот повик имаат сите здруженија на граѓани, фондации, федерации, установи, трговски друштва и маркетинг агенции со седиште во општина Штип.

### III

Во рамките на овој Јавен повик финансиски ќе биде поддржан проектот кој ќе придонесе за реализација на манифестацијата од точка I како и за развој во следните области:

- Развој, промоција, поддршка, унапредување на културата во Општина Штип,
- Развој, промоција, поддршка,подобрување на општествениот живот во Општина Штип.

### IV
### Временска рамка и начин на распределба на средства

Средствата се обезбедени од Програмата за одбележување на новогодишните и божиќните празници 2024/2025 година ("Службен гласник на Општина Штип" број 15/24). Користењето на доделените средства ќе биде уредено со склучување на Договор помеѓу Општина Штип и апликантот кој ги исполнува критериумите согласно Јавниот повик.

### V
### Основни организациски критериуми

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат заинтересираните апликанти кои учествуваат на овој повик се:

- да се регистрирани во Централен регистар со седиште во Штип; и
- да немаат забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство.

## IX
## Придружна документација

Апликантите во прилог треба да ја доставaт и следнава придружна документација:
•професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот,
•референтна листа,
•маркетинг план на настанот.

## X
## Начин на спроведување на јавниот повик

За спроведување на Јавниот повик Градоначалникот со Решение формира Комисија. Комисијата е должна да изврши увид во пристигнатите предлог проекти, да изврши оценка на проектите врз основа на критериумите дефинирани согласно Јавниот повик и да достави предлог за склучување на договор со апликантот чиј проект е најдобро оценет до Градоначалникот.

***Напомена:***
- Пријавите со непотполна документација или кои што ќе бидат доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.
- Секој апликант може да поднесе само една пријава по објавен јавен повик.

## XI
## Рок и начин на доставување на пријавите

Рок за поднесување на пријавите е 4 дена од денот на објавување на Јавниот повик.

Пријавата и останатата потребна документација субјектот треба да ја достави до архивата на Општина Штип, ул.Васил Главинов бр.4Б, 2000 Штип во затворен плик на кој пишува “Не отварај “ со назнака: “Штип Крисмас Маркет”- Пријава за јавен повик) во периодот од 07:30-15:30 часот, а со субјектот кој прв ќе ја достави потребната документација ќе биде склучен договор.

**Општината Штип**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*